Во текот на викендот од 6 до 8 март оваа година, во центарот Солферино во Струга беше одржана подготвителна работилница за ЦКА-ПХВ колегиумот на инструктори за прегледување и евалуација на малите ЦКА-ПХВ проекти.

Оваа година после одржувањето на еднодневните ЦКА-ПХВ обуки во сите ООЦК следуваше фаза во која младите луѓе кои ја следеа обуката, своите знаења ги преточија во практика изработувајки мали проекти за добробит на заедницата во која што живеат. Оваа година беа изработени точно 100 мали проекти за добробит на заедницата, кои во текот на подготвителната работилница беа прегледани и евалуирани од страна на присутните 24 ЦКА-ПХВ инструктори. Врз основа на оваа направена евалуација и во согласност со веќе поставените критериуми ќе биде направен изборот на оние младинци кои ке бидат поканети да земат учество на двете финални работилници кои ќе се одржат во текот на втората половина на април и првата половина на мај. Најдобрите младинци од овие работилници понатаму ќе бидат испраќани на различни меѓународни случувања како претставници на Македонскиот Црвен крст. Авторите на најуспешните и најхуманите проекти ќе бидат поканети да ги претставаат своите проекти, својот поттик и имплементација на истите пред ТВ гледачите во рамките на утринската емисија Добро Утро Македонијо.